## ИЗГРАДБА НА НОВИ ЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ

1. Заинтересиран инвеститор поднесува Иницијатива за изградба на нов енергетски објект со комплетна документација согласно Правилникот за изработка на Годишниот план за изградба на енергетски објекти[1].
   a. **До 1 април** во Единицата на локалната самоуправа (за енергетски објекти со инсталирана моќност помала од 1 MW).
      i. Единицата на локалната самоуправа изработува општински енергетски план на кој Министерството издава согласност.
      ii. Единицата на локалната самоуправа го доставува општинскиот енергетски план до Министерството најдоцна до 15 мај.
   b. **До 1 јуни** во Министерството (за енергетски објекти со инсталирана моќност еднаква на или поголема од 1 MW).

2. Министерството формира ранг – листа на уредни иницијативи за енергетски објекти со инсталирана моќност еднаква на или поголема од 1 MW, доставени по принципот прв дојден – прв услужен. Потоа:
   a. **во рок од 60 дена по 1 јуни** ги известува заинтересираните инвеститори за комплетна и уредна иницијатива која е дел од ранг – листата или
   b. **во рок од 60 дена по 1 јуни** ги известува заинтересираните инвеститори за некомплетна и неуредна иницијатива која нема да биде дел од ранг – листата.

3. Во ранг – листата Министерството ги вклучува и енергетските објекти со инсталирана моќност помала од 1 MW кои се дел од општинските енергетски планови.

4. За иницијативите од ранг – листата Министерството во соработка со ОПС и ОДС изработува варијанти за приклучок.
   a. По изработени варијанти за приклучок, Министерството ги повикува инвеститорите во рок од **45 дена** да изработат идејни проекти за линиска инфраструктура.
      i. Доколку инвеститорот не ја исполни обврската во предвидениот рок, Министерството го известува дека иницијативата нема да биде дел од Годишниот план.

5. Министерството во соработка со ОПС и ОДС изработува интегрална студија која содржи мрежни и пазарни анализи со кои се проверува можноста за интеграција на новите енергетски објекти од ранг – листата.

---
[1] https://energy.gov.mk/mk-MK/dokumenti/godisni-planovi-za-izgradba-na-energetski-objekti.


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Ул. Македонија бр. 27, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3131062
+389 2 3150033
www.energy.gov.mk

6. Министерството изработува Годишен план за изградба на енергетски објекти на начин и содржина уредени со Правилникот за изработка на Годишниот план за изградба на енергетски објекти[1].

7. Владата по предлог на Министерството **до 31 декември** го донесува Годишниот план за изградба на енергетски објекти.

8. Годишниот план за изградба на енергетски објекти се објавува во Службен весник на РСМ и на веб – страницата на Министерството.

9. Во рок не пократок од 30 дена по објавување на Годишниот план, Министерството за секој инвеститор изработува Динамика за развој на проектот со повеќе фази. Инвеститорот го известува Министерството во рок од 15 дена по завршување на секоја од фазите.
    a. Постапка за урбанизација на земјиште вклучува купување на земјиште и/или потпишување на договор за долготраен закуп и/или стекнување со услови за планирање **до 6 месеци** и изработка на урбанистичко планска документација **до 12 месеци**. Други надлежни институции:
        i. Министерство за транспорт;
        ii. Единица на локална самоуправа;
        iii. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
        iv. Министерство за животна средина и просторно планирање;
        v. Агенција за планирање на просторот и
        vi. Агенција за катастар на недвижности.
    b. Изработка на елаборат за заштита на животна средина **до 7 месеци** или студија за заштита на животна средина **до 12 месеци**. Друга надлежна институција:
        i. Министерство за животна средина и просторно планирање.
    c. Изработка на проектна документација **до 5 месеци**.
    d. Изработка на студија за приклучување на електропреносна или електродистрибутивна мрежа и добивање на решение за согласност за приклучување **до 5 месеци**.

10. Инвеститорот поднесува барање за овластување до Министерството со кое доставува и банкарска гаранција или депозит.


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Ул. Македонија бр. 27, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3131062
+389 2 3150033
www.energy.gov.mk